# Република Северна Македонија
## Државен инспекторат за земјоделство

Архивски број: 04-879/5
Датум: 09.11.2021 година

**Записник**

**За спроведениот практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор**

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор ( "СЛ.весник на РСМ" бр.102/19) и Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор( "СЛ.весник на РСМ" бр.238/19), на ден 09.11.2021 година, со почеток во 10.00 часот, во службените простории на Државниот инспекторат за земјоделство, пред Комисија за полагање на практичен дел од испит за стекнување со лиценца за инспектор, формирана од в.д.Директор на Државниот инспекторат за земјоделство со арх.бр.04-879/1 од 26.10.2021 и 04-879/2 од 08.11.2021 година, се спроведе практичен дел од испитот за стекнување на лиценца за инспектор.

Комисија во состав:
1. Јован Карчовски – Главен инспектор, ментор на кандидатот,
2. Љупчо Трошански – Главен инспектор ,
3. Тодорка Нешкоска – Советник инспектор,
4. Меџит Јусуфи – Претставник од Инспекциски Совет.

Кандидатите за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор Сашо Стојановиќ, на работно место Советник инспектор за земјоделство за инспекциски надзор од областа на цвеќе и генетски модифицирани организми во Република Северна Македонија, Одделение за инспекциски надзор од областа на цвеќе и генетски модифицирани организми, Сектор за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, цвеќе, генетски модифицирани организми и виното и лозарството, и Емилија Стојчевска – Ѓориќ на работно место Помлад инспектор за земјоделство за инспекциски надзор од областа на цвеќе и генетски модифицирани организми во Република Северна Македонија, Одделение за инспекциски надзор од областа на цвеќе и генетски модифицирани организми, Сектор за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата цвеќе, генетски модифицирани организми и виното и лозарството.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор( "СЛ.весник на РСМ" бр.238/19), при што кандидатите за инспектори Сашо Стојановиќ и Емилија Стојчевска – Ѓориќ извршија симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекцискиот надзор со изготвување на акти, затворање и документирање на инспекцискиот надзор.

Презентацијата на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот за инспектор Сашо Стојановиќ за ниво В1 – советник инспектор, ги утврди освоените бодови и тоа:
- Планирање и подготовка на инспекциски надзор – 15 бодови,
- Спроведување на инспекциски надзор – 30 бодови,
- Затворање на инспекциски надзор – 30 бодови и
- Документирање на инспекциски надзор – 15 бодови.
Комисијата констатира дека кандидатот за инспектор Сашо Стојановиќ за ниво В1 – советник инспектор, освои вкупно 90 бодови и со тоа успешно го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Презентацијата на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот за инспектор Емилија Стојчевска Ѓориќ за ниво В4 – помлад инспектор, ги утврди освоените бодови и тоа:
- Планирање и подготовка на инспекциски надзор – 15 бодови,
- Спроведување на инспекциски надзор – 30 бодови,
- Затворање на инспекциски надзор – 30 бодови и
- Документирање на инспекциски надзор – 15 бодови.
Комисијата констатира дека кандидатот за инспектор Емилија Стојчевска Ѓориќ за ниво В4 – помлад инспектор, освои вкупно 90 бодови и со тоа успешно го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Полагањето на практичниот дел од испитот се реализираше во време:
Почеток во 10.00 часот на ден 09.11.2021 година,
Завршување во 13.30 на ден 09.11.2021 година.

Комисија за полагање на практичен дел од испитот.

Јован Карчовски ____________
Љупчо Трошански ____________
Тодорка Нешкоска ____________
Меџит Јусуфи ____________

Изработил: С.Т.


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk